Врз основа на член 73 став (1) точка 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и за разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12 јуни 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Снажана Михајловска од Скопје со бр. УП2 09-40/26 од 27 јануари 2026 година против:

   - Фактурите за топлинска енергија за грејна сезона 2025/2026, од ЕСМ Снабдување со топлина, за стан на ул. Фрањо Клуз, бр.7-1/18 со шифра на потрошувач 351670 и шифра на мерно место 05720070111, СЕ ОДБИВА.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

## О б р а з л о ж е н и е

Снажана Михајловска од Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-40/26 од 27 јануари 2026 година против:

- Фактурите за топлинска енергија за грејна сезона 2025/2026, од ЕСМ Снабдување со топлина, за стан на ул. Фрањо Клуз, бр.7-1/18 со шифра на потрошувач 351670 и шифра на мерно место 05720070111.

Именуваната поднела Приговор до ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ против фактурите за топлинска енергија за грејна сезона 2025/2026, од ЕСМ Снабдување со топлина, за стан на ул. Фрањо Клуз, бр.7-1/18 со шифра на потрошувач 351670 и шифра на мерно место 05720070111, издадени од ЕСМ Снабдување со топлина бр.03-3055 од 13.11.2025 година.

Постапувајќи по поднесениот приговор, ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ како првостепен орган во постапката доставил до потрошувачот Одговор на рекламација со арх. бр. 03-3178 од 25 ноември 2025 година со кој го одбива приговорот со образложение дека при направена теренска контрола на лице место е потврдено дека станот е приклучен.

Незадоволна, именуваната до Регулаторната комисија за енергетика поднесе приговор против фактурите за топлинска енергија за грејна сезона 2025/2026, од ЕСМ Снабдување со топлина, за стан на ул. Фрањо Клуз, бр.7-1/18 со шифра на потрошувач 351670 и шифра на мерно место 05720070111.

ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје во произнесувањето наведе дека Корисникот на терен е најден како непрописно исклучен (приклучен) и е соодветно задолжен.
До моментот на прописно исклучување со муф и штопна ке говодат како приклучен.

На 12 мај 2026 година беше одржана седница на Комисија за постапување по приговори и разрешување на спорови од областа на природен гас, топлинска енергија и течни горива. На седницата

се изврши увид во приложените докази од страна на подносителот на приговорот и страната против која е поднесен приговорот, и тоа:

- Приговор до ЕСМ Снабдување со топлина против фактурите за топлинска енергија за грејна сезона 2025/2026, од ЕСМ Снабдување со топлина, за стан на ул. Фрањо Клуз, бр.7-1/18 со шифра на потрошувач 351670 и шифра на мерно место 05720070111, издадени од ЕСМ Снабдување со топлина бр.03-3055 од 13.11.2025 година,
- Одговор на рекламација со арх. бр. 03-3178 од 25 ноември 2025 година од ЕСМ Снабдување со топлина,
- фактури за топлинска енергија за стан на ул. Фрањо Клуз, бр.7-1/18,

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на приговорот утврди дека е потребно да се побара од подносителот на приговорот дополнително да ги обезбеди фактурите за електрична енергија за период од октомври 2025 до април 2026 година, како и да се побара од ЕСМ Снабдување со топлина дополнително да изврши теренска контрола на лице место и да провери дали станот на ул. Фрањо Клуз, бр.7-1/18 е приклучен на системот за централно греење со топлинска енергија.
Побараната дополнителна документација беше обезбедена од страна на подносителот на приговорот и снабдувачот со топлинска енергија.

На 8 јуни 2026 година беше одржана дополнителна седница на Комисија за постапување по приговори и разрешување на спорови од областа на природен гас, топлинска енергија и течни горива. На седницата се изврши повторен увид во приложените докази од страна на подносителот на приговорот и страната против која е поднесен приговорот, како и дополнително доставената документација и тоа:

-фактури за електрична енергија за стан на ул. Фрањо Клуз, бр.7-1/18,
-слики од теренска контрола за стан на ул. Фрањо Клуз, бр.7-1/18.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на приговорот утврди дека истиот не е основан.

Согласно член 16 став (3) од Мрежните правила за дистрибуција на топлинска енергија на ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ СКОПЈЕ во станбени, станбено-деловни, деловно-станбени и деловни објекти, каде распределбата на надоместокот се врши преку еден мерен уред на влез во топлинска потстаница се врши поединечно исклучување на посебен дел на објектот, при што истиот е одвоен од заедничката грејна инсталација.

Имајќи во предвид дека посебниот дел од објектот не е одвоен од заедничкатата грејна инсталација, односно не е извршено поединечно исклучување на посебен дел на објектот, во посебниот дел од објектот на Фрањо Клуз, бр.7-1/18 во пресметковниот период од октомври 2025 година до април 2026 година, била испорачувана топлинска енергија.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управен суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–40/26**
**12 јуни 2026 година**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**